# За една потисната ексцентричност

Како автор на „небулозниот" текст во каталогот за изложбата на Третото биенале на младите, во организација на Музејот на современата уметност, каде што две децении го следам современиот македонски ликовен збор, но пред се, како историчар на уметноста, навистина сум вчудоневидена за крајно непрофесионалниот однос на Сузана Милевска, што така очигледно се манифестира во текстот „Перфекционизам на послушните", објавен во весникот „Република", во прилогот Лоза, на 18 септември. Пред се, станува збор за непознавање на значењето на терминолошките одредници на некои зборови, па во таа смисла не би било лошо да го провери (во лексиконот) нивното вистинско значење (маниризам, алтруизам, перфекционизам, хепенинг, биенале, музеј, професионализам, хепенинг, биенале, музеј, професионализам, етика.., "засолниште на незнаењето" – очигледно проверено знае што значи).

Втората груба грешка е непознавање на функционирањето на жирито, но, што е уште подрастично и, на самото Биенале. Биеналето на млади е манифестација која подразбира селективен приод кон презентацијата на творештвото на младите и со самото тоа, не преставува панорамски приказ. Жирито што ги постави критериумите за вреднување на делата на ова Биенале, беше во состав: Петар Хаџи Бошков, скулптор, редовен проф. на Факултетот за ликовни уметности, во пензија, Др. Мирослав Грчев, проф. на Архитектонскиот факултет, Бојан Иванов, асистент на Филозофскиот факултет (катедра за Историја на уметноста), Захаринка А. Бачова, и Викторија В. Димеска виши кустоси во МСУ. Токму поради вакви ситуации, кога преовладува крајна субјективност и афинитет кон одредени ликовни искази (Милевска е очигледно импресионирана од хепенингот, па дури и текстот во „Република" и е изведен во тој стил), што еден професионалец не би смеело да си го дозволи, и постои жири што подразбира давање на една пообјективна проценка.

Ако за Музејот и жирито, критериумот за „да" во селекцијата, според Милевска, е уреденост, чистота, перфекционизам, послушност... А овојпат и инсистирање на лош квалитет, тогаш во компарација со нејзиниот текст, би можеле да најдеме некои допирни точки (мислам на последната), додека на првите неколку би требало да се потрудиме да додадеме една мала негација за да се доближиме до нејзиниот „критериум". Но, сепак мислам дека за секоја нејзина „посакана, потисната ексцентричност", жирито сигурно нема да ѝ додели награда.

Тоа се некои нови категоризации, нов начин на вреднување кои мене не ми се познати. И, ако на уметниците не им е дозволено „се што ќе изберат да го наречат уметност", тогаш и за критичарите треба да се употреби ист принцип.

Не гледам дека нашите млади скулптури кон чие што творештво имам длабок респект, се афирмираа на југословенската ликовна сцена со „радикалноста во изборот на материјалот", кога тие во зенитот на творештвото и во жижата на „популарноста, творат токму во „рамките на класичните истражувања на волуменот, масата и површината". Нивната „непринципиелност" е само во тоа што од непослушни станаа послушни и не сфатија дека класичното е крајно „негативна" одредница за едно уметничко дело. Но, сепак, се наградувани, „барани" и излагани, овие „перфекционисти" кои од година на година станувaат се „поперфектни", поавтентични и поавтохтони. А наградувани се од страна на слични „послушни" институции, како што е Музејот, кои се уште „класично" го почитуваат уметничкото дело.

И како може за еден млад автор да се употреби збор „маниризам" и да се тврди дека во екот на сопствениот подем, тој (или тие) ги исцрпува скоро сите можности што ги нуди модерно /класичниот пристап кон медиумот"?.

Треба да се нагласи дека концепција на една изложба подразбира конципирање, профилирање на физиономијата на изложбата, додека Биенале не подразбира ваков приод. Тоа претставува една ситуација посочена со селективно прикажување на дела, а инсинуацијата е во обидот за поинакво толкување на овие нотoрни факти.

По се изгледа дека Музејот (како што се „чита" од текстот) го прекинал „природниот развоен пат на овие автори", но тие сепак ни се многу благодарни, бидејќи да не беше Музејот, сите овие години да им импутира каков материјал да употребат и со каков ракопис да се искажат, немаше да дојдат до тронот на југословенската ликовна сцена. Не само што Музејот и слични институции треба да ветат дека и натаму ќе го следат овој зацртан пат на „душегрижници", туку и дека сукцесивно ќе ги следат „случките" во другите „внатрешни и надворешни маргини", за да најдат нови жртви со кои ќе го остварат сопствениот триумф.

Сакам да верувам дека Милевска, од за мене непознати причини, не ги наведе иницијативите на МСУ и нивните реализации, од типот на „алтернативни" појави (Биеналето во Венеција 1978, групата ЈУНИ, 1982, Шемпас 1978, Интервенции во простор 1982, Шемов-Фидановски 1986, Глигор Стефанов 1986, Петре Николоски 1989...) што лесно може да се провери во музејската документација. Ги наведувам овие манифестации не само да ја потсетам Милевска за нејзиниот непрофесионален приод, туку пред се, да укажам на тоа дека професионалноста бара аргументираност.

Професионалната етика не дозволува револтот од неостварените амбиции и други субјективни причини да се „истура" врз колеги, институции, жири... А она што е најдрастично-врз младите амбициозни творци, кои младата македонска ликовна уметност ја афирмираат на еден поширок план и со кои утре ќе ја пишуваме историјата на современата македонска ликовна уметност.

Навистина е голема „грешка" на Музејот што се уште држи до „апсолутното, уникатното, искачено на посебен пиедестал, уметничко дело" и крајно е време да прибегне на „неконвенционалниот начин на изложување" што, веројатно, значи и ослободување од сите овие застарени, излитени, „класични" сегменти.

Пред појавата и ситуацијата на Третото биенале на младите, односно пред селекцијата и работата на жирито, како и на организаторот, Сузана Милевска очигледно остана не само збунета (што успешно го елаборира во својот текст) туку стаса и „до границите на сопственото значење", чувствувајќи немоќ да даде логично објаснување на „зададените проблеми", во што ни „Бог, ни метафизичко, ни апсолут и слично", не можат да и помогнат.

**Викторија ВАСЕВА ДИМЕСКА**